Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ООУ "Круме Кепески"- Скопје** за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (останато зеленило) на 5 (пет) дрвја (2 јасени, 2 гледичи и орев), како и кастрење на 1 (едно) дрво (јасен) односно намалување на висината на стеблото што се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. "Христо Татарчев" бр. 46 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвјата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 5 (пет) дрвја , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ООУ "Круме Кепески" - Скопје, ул. "Христо Татарчев" бр. 46 - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/928** од **25.09.2026** година, за сечење и кастрење на дрвјата, односно намалување на висината на стеблото што се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. "Христо Татарчев" бр. 46 – Скопје.**

Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило"- Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата што се за сечење се со напукнато стебло, навалени кон училишниот двор, опасни да паднат и причинат материјална и нематеријална штета, а пак дрвото што е за кастрење потребно е да се искастри односно да се намали висината на стеблото кое има широкоразгранета крошна и гранки надвиснати над дворот.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) зелените површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и е одлучено 1 (едно) дрво да биде искастрено, а 5 (пет) дрвја да бидат исечени бидејќи е констатирано дека поради состојба на дрвјата истите се навалени и опасни.
На барателот му е наметнато компензациско садење за дрвјата за кои е дозволено сечење.

Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/928/2**
08.10.2026 година
Скопје

Доставено до: Барателот и Архива

Изработил:
Марија Стојановска

_____

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски

_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески

_____